| | | | План | Реализација за 3 квартал | План | Реализација за 3 квартал | План | Реализација за 3 квартал | План | Реализација за 3 квартал | План | Реализациј а за 3 квартал | План | Реализација за 3 квартал | Останато за реализација до крај на 2018 година | % |
| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА** | | | **Ф1 - Ф1.Урбанистичко планирање** | | | | | | | | | | | | | |
| 42 | | СТОКИ И УСЛУГИ | **25.460.000** | **491.637** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **25.460.000** | **491.637** | **24.968.363** | **1,93** |
| | 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | **25.460.000** | **491.637** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **25.460.000** | **491.637** | **24.968.363** | **1,93** |

| ПРОГРАМА | | **Ф2 - Ф2. Уредување на градежно земјиште** | **Буџет за 2018 година** | | **Наменска дотација за 2018 година** | | **Самофинансирачки активности за 2018 година** | | **Донации за 2018 година** | | **Кредити за 2018 година** | | **Вкупно за 2018 година** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација за 3 квартал | План | Реализација за 3 квартал | План | Реализација за 3 квартал | План | Реализација за 3 квартал | План | Реализациј а за 3 квартал | План | Реализација за 3 квартал | Останато за реализација до крај на 2018 година | % |
| | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА** **Ф2 - Ф2. Уредување на градежно земјиште** | | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 708.000 | 131.160 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 708.000 | 131.160 | 576.840 | 18,53 |
| | 481 | ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 708.000 | 131.160 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 708.000 | 131.160 | 576.840 | 18,53 |

Лице за контакт

Име и презиме и тел.број:

Тони Петров 071 219 572

Овластено лице(печат и потпис):

# Образец К2

## Квартален извештај за достасани ненамирени обврски

Општина: **КАВАДАРЦИ**

Квартал: **од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година**

Датум на поднесување на извештајот: **31.10.2018**

**(ден, месец, година)**

*(во денари)*

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | **Вкупно** | |
| јануари | 7,303,270 | 2,800,598 | | 15,244,327 | **15,244,327** | **25,348,195** |
| февруари | 8,017,857 | 6,728,664 | | 11,309,072 | **11,309,072** | **26,055,593** |
| март | 1,528,106 | 7,433,616 | 7,781,020 | | **7,781,020** | **16,742,742** |
| април | 5,952,494 | 1,531,506 | | 6,968,601 | **6,968,601** | **14,452,601** |
| мај | 6,174,168 | 8,087,541 | | 8,306,850 | **8,306,850** | **22,568,559** |
| јуни | 12,005,063 | 1,059,992 | | 6,942,894 | **6,942,894** | **20,007,949** |
| јули | 5,406,166 | 5,411,540 | | 6,642,772 | **6,642,772** | **17,460,478** |
| август | 2,754,900 | 6,064,896 | | 10,503,479 | **10,503,479** | **19,323,275** |
| септември | 1,487,114 | 1,313,558 | | 10,466,022 | **10,466,022** | **13,266,694** |
| октомври | | | | | **0** | **0** |
| ноември | | | | | **0** | **0** |
| декември | | | | | **0** | **0** |

Образложение:

| Расходна ставка | Вкупно обврски |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 404 | |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 414 | |
| 420 | |
| 421 | 23,229 |
| 423 | 8,330 |
| 424 | 10,410,829 |
| 425 | 125,642 |
| 426 | 104,654 |
| 427 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 453 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | 425,338 |
| 464 | 891,340 |
| 465 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 480 | 149,860 |
| 481 | |
| 482 | 1,122,851 |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | 4,621 |
| 486 | |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| 493 | |
| **Тотал** | **13,266,694** |

**Лице за контакт**

**Име и презиме и тел.број: Тони Петров тел: 071 219 572**

**Овластено лице (печат и потпис):**

_______________________________

Образец К 3

## Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

Општина: ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Извештаен период : 01.01.2018. година до 30.09.2018. година

( ден, месец, година) ( ден, месец, година)

Датум на поднесување на извештајот: 31.10.2018

( ден, месец, година)

Долг на општината *( vo originalna valuta)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период) | | Состојба на долгот за извештајниот период** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот |
| 1 | МСИП/53 | Проект за подобрување на Општински услуги | Министерство за финансии на РМ | денари | 40,789,890 | Кама.стапка ја пресметува МФ во согласност со Кам,стапка која ја плаќа на Светска банка | 6,5 год. | 3 год. | 30,784,120 | да | в-полугодишно | 10.02.2019. | 10.02.2022. | 10.02.2016 | 10.02.2022 | | | | | | | | | 30,784,120 | 30,784,120 |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Забелешки:

Долг на ЈП основани од општината *( vo originalna valuta)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период) | | Состојба на долгот за извештајниот период** | | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот | |
| 1 | | Водоснабдување | КФВ -Банка | ден | 36570144 | 2 | 15 г., | 3 г. | 36.250.219 | да | в | 20.12.2024 | | | | | | | | | | | | 36,250,219 | 36,250,219 | Комуналец |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Забелешки:

**Лице за контакт**

**Име и презиме и телефонски број** **Тони Петров , тел. 071-219-572**

**Овластено лице (печат и потпис):**

* а)месечно; б)квартално; в) полугодишно; г) годишно; д) друго;

** Податоците се однесуваат на главнина на долгот

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот**
**за одобрување на**
**План за Програми за развој на Општина Кавадарци за 2019 година**

1. Се објавува Заклучокот за одобрување на План за Програми за развој на Општина Кавадарци за 2019 година, донесен на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6209/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), а во врска со член 21-б од Законот за буџетите („Сл.Весник на РМ„ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/2016), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадараци„ бр.8/05), расправајќи по Планот за Програми за развој за 2019 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**
**за одобрување на**
**План за Програми за развој на Општина Кавадарци за 2019 година**

1. СЕ ОДОБРУВА План за Програми за развој на Општина Кавадарци за 2019 година.

2. Одобрениот План за Програми за развој на Општина Кавадарци за 2019 година е составен дел на предлог Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година.

3. Заклучокот влегува во сила со осмиот (8) ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„

**Бр.08-5914/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Годишната Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци за 2018 година**

1. Се објавува Годишната Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6209/3**
**02.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 79 од Законот за градење („Сл.Весник на РМ„ бр130/2009...168/2018), Упатство за начинот на изготвување на годишната програма за поставување на времени објекти и микролокациски услови и формата и содржината на одобрението за поставување на времени објекти („Службен весник на РМ„ бр.36/10),Согласност на Годишната програма за 2018 година за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци од Министерството за транспорт и врски бр.67-10299/3 од 15.10.2018 година, Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.28/2010), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, донесе:

**Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А**
**за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци за 2018 година**

**ВОВЕД**

Во согласност со Законот за градење („Сл.Весник на РМ„ бр130/2009...168/2018) и Упатство за начинот на изготвување на годишната програма за поставување на времени објекти и микролокациски услови и формата и содржината на одобрението за поставување на времени објекти („Службен весник на РМ„ бр.36/10), и Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.28/2010) е изработена Годишната Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци.

Со оваа програма се уредуваат видовите на времени објекти, локациите на кои се поставуваат, начинот и условите за нивно поставување.

Оваа Програма се однесува за 2018 година, а нејзината важност може да се продолжува секоја година до реализација на Детален урбанистички план за градежното земјиште на кое се поставуваат времените објекти согласно член 2 став 3 од Законот за градење („Сл.Весник на РМ„ бр130/2009...168/2018).

**ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Со програмата за поставување на времени објекти се постигнуваат следните цели:

-Евиденција на времените објекти на територија на Општина Кавадарци;

-Естетско обликовни подобрувања, уредување, оплеменување и хуманизација на просторот;

-Сервис и услуга на потребите на граѓаните на општина Кавадарци.

**ВИДОВИ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ, ПРОСТОР НА КОЈ СЕ ПОСТАВУВААТ И ДЕЈНОСТИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ВРШАТ**

Според член 2 став 3 од Законот за градење („Сл.Весник на РМ„ бр130/2009...168/2018) времениот објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремената употреба на просторот, до реализација на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект.

Во оваа Годишна програма за поставување на времени објекти се предвидува поставување на времени објекти на две локации во северниот дел од градот Кавадарци.

**Локација 1:**

Локацијата 1 се наоѓа на границата од опфатот од ГУП на град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ 2003-2020-измена и дополнување и во непосредна близина на Северен Булевар, односно на КП 10166/2-дел и КП 10167/2-дел, КО Кавадарци град. На оваа локација се предвидува поставување на привремени паркинзи за земјоделска механизација. Истата има правоаголна долгманеста форма со пад према источната страна. Во неа се предвидени 99 привремени

паркинг места во два реда и една портирница на северозападната страна. Непосредната близина на обработливо земјиште кое граничи со градот ја прави оваа локација погодна за поставување на предвидените паркинг места, наменети за земјоделска механизација која пристигнува од земјоделско земјиште. До локацијата се пристапува од северната страна, преку постојни пристапи. Во однос на инфраструктурата, локацијата ќе биде поврзана со постојната инфраструктура.

**Локација 2:**

Локацијата 2 се наоѓа источно од бул.„Едвард Кардељ", односно на КП 10244-дел, КП 10245-дел, КП 10246-дел, КП 10247-дел, КП 10249-дел, КО Кавадарци град. На оваа локација се предвидува поставување на привремени паркинг места. Пристапот до локацијата е преку Станбена улица ул.„5" превземена од Извод од ДУП. Предметната локација има правоаголна форма со пад према источната страна. На локацијата 2 предвидени се вкупно 120 привремени паркинг места распоредени во четири реда од кои 3% т.е. 4 паркинг места се предвидени за лица со инвалидност.

Со ГУП на град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ 2003-2020-измена и дополнување, планиран е јавен паркинг во централното градско подрачје, но истиот не е реализиран. Поставувањето на привремените паркинг места на локација 2, ќе биде во функција на обезбедување јавен паркинг за поширокото градско подрачје. Во однос на инфраструктурата, локацијата ќе биде поврзана со постојната инфраструктура.

Други видови времени објекти ќе бидат опфатени со измена и дополна на оваа Годишна Програма.

Времениот објект не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

Времените објекти кои се поставуваат на подрачјето на Општина Кавадарци треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење („Сл.Весник на РМ„ бр130/2009...168/2018).

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ / УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ НА ЛОКАЦИЈА 1**

Локацијата 1 се наоѓа на границата од опфатот од ГУП на град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ 2003-2020-измена и дополнување и во непосредна близина на Северен Булевар, односно на КП 10166/2-дел и КП 10167/2-дел, КО Кавадарци град. На оваа локација се предвидува поставување на привремени паркинзи за земјоделска механизација. Истата има правоаголна долгманеста форма со пад према источната страна. Во неа се предвидени 99 привремени

паркинг места во два реда и една портирница на северозападната страна. Во средишниот дел од локацијата на северната страна се предвидува Т-завршеток со цел завртување / манипулација на земјоделската механизација. Непосредната близина на обработливо земјиште кое граничи со градот ја прави оваа локација погодна за поставување на предвидените паркинг места, наменети за земјоделска механизација која пристигнува од земјоделско земјиште. До локацијата се пристапува од северната страна, преку постојни пристапи. Во однос на инфраструктурата, локацијата ќе биде поврзана со постојната инфраструктура.

-Пристап за сите привремени паркинзи во Локација 1:

•од интерна сообраќајница

-Материјал за изработка на објектите во Локација 1:

•монтажна портирница:

-челична монтажна конструкција затворена со монтажни елементи;

•сообраќајниот дел (паркирање+комуникација) да биде изведен со бехатон, павер елементи или слични монтажно-демонтажни градежни елементи, кои нема трајно да го изменат градежното неизградено земјиште

•ограничување со челични, ниски монтажни препреки со висина од 0,40м.

-Број на привремени паркинг места: 99

<table>
<tr><th colspan="7">ТАБЕЛА ЗА НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ЛОКАЦИЈА 1</th></tr>
<tr><td colspan="6">ОПИС НА ПОВРШИНА</td><td>ПОВРШИНА m²</td></tr>
<tr><td colspan="6">ВКУПНА ПОВРШИНА НА ЛОКАЦИЈА 1 ЗА ПРИВРЕМЕНИ ПАРКИНЗИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКА МЕХАНИЗАЦИЈА</td><td>6109,28m²</td></tr>
<tr><td rowspan="2"></td><td rowspan="2">•МОНТАЖНА ПОРТИРНИЦА</td><td>ОЗНАКА НА МОНТАЖЕН ОБЈЕКТ</td><td>ДИМЕНЗИИ НА ГАБАРИТ</td><td>КОТА НА ТЕРЕН</td><td>Hмах</td><td rowspan="2">29m²</td></tr>
<tr><td>A</td><td>4,9м/5,9м</td><td>мах 15см од кота на пристапен тротоар</td><td>3,5м</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">•СООБРАЌАЕН ДЕЛ (ПАРКИРАЊЕ + КОМУНИКАЦИЈА)</td><td>4792,37m²</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">•ЗЕЛЕНИЛО</td><td>1287,91m²</td></tr>
</table>

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ / УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ НА ЛОКАЦИЈА 2

Локацијата 2 се наоѓа источно од бул.„Едвард Кардељ", односно на КП 10244-дел, КП 10245-дел, КП 10246-дел, КП 10247-дел, КП 10249-дел, КО Кавадарци град. На оваа локација се предвидува поставување на привремени паркинг места. Пристапот до локацијата е преку Станбена улица ул.„5" превземена од Извод од ДУП за дел од УБ 10К „Опитно Поле 2" донесен со Одлука бр.07-2695/7 од 17.06.2014г. Предметната локација има правоаголна форма со пад према источната страна. На локацијата 2 предвидени се вкупно 120 привремени паркинг места распоредени во четири реда од кои 3% т.е. 4 паркинг места се предвидени за лица со инвалидност.

Со ГУП на град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ 2003-2020-измена и дополнување, планиран е јавен паркинг во централното градско подрачје, но истиот не е реализиран. Поставувањето на привремените паркинг места на локација 2, ќе биде во функција на обезбедување јавен паркинг за поширокото градско подрачје, кој може да е предмет на Програма за времени објекти се до реализација на јавен паркинг или катна гаража предвидени во ДУП, или до реализација на планираната намена определена со ГУП. Во однос на инфраструктурата, локацијата ќе биде поврзана со постојната инфраструктура.

-Пристап во Локација 2:

•од Станбена улица ул.„5"

-Материјал за изработка на објектите во Локација 2:

•сообраќајниот дел (паркирање+комуникација) да биде изведен со бехатон, павер елементи или слични монтажно-демонтажни градежни елементи, кои нема трајно да го изменат градежното неизградено земјиште

•ограничување со челични, ниски монтажни препреки со висина од 0,40м.

-Број на привремени паркинг места: 120

| ТАБЕЛА ЗА НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ЛОКАЦИЈА 2 | | |
|---|---|---|
| ОПИС НА ПОВРШИНА | | ПОВРШИНА $m^2$ |
| **ВКУПНА ПОВРШИНА НА ЛОКАЦИЈА 2 ЗА ПРИВРЕМЕНИ ПАРКИНЗИ** | | **5200,68$m^2$** |
| | **•СООБРАЌАЕН ДЕЛ (ПАРКИРАЊЕ + КОМУНИКАЦИЈА)** | **4943,38$m^2$** |
| | **•ЗЕЛЕНИЛО** | **257,3$m^2$** |

Составен дел на оваа Програма е графичкиот дел кој се состои од приказ на постоечката и планирана состојба.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-5914/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2018 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6209/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02), член 95 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ бр.15/2015, 44/2015, 98/2015 ,193/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 142/2016,190/16), а во врска со член 4 од Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на

утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.весникна РМ„бр.38/11, 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 115/14, 149/15)), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2018 ГОДИНА

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2018 година, бр.08-4875/1 од 20.12.2017(„Службен гласник на Општина Кавадарци„ 04/17, 11/18, 14/18,15/18 и 16/18) се врши следното изменување и дополнување:

1. Во глава VI – Уредување на градежното земјиште по урбани и месни заедници, се менува и гласи:

**УЗ„ГЛИШИЌ„ се менува и гласи**:

Во наслов„Поплочување на улици и тротоари„
позицијата –ул„Коле Неделковски„ се брише.

**Вкупната вредност за УЗ ГЛИШИЌ** се менува од износ 1.550.000,00 се менува во износ на 950. 000,00 денари.

**УЗ „СТРАШО ПИНЏУР„ се менува и гласи**:

во наслов 2 - Реконструкција и асфалтирање
се брише позиција на ул„Доне Попов„;

Во вкупниот износ за УЗ„Страшо Пинџур„ износот од 15.521.369 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 14.021.369 денари.

**УЗ „КИРО КРСТЕВ„се менува и гласи**:

Вкупната вредност за УЗ Киро Крстев износот од 10.400.000,00 денари се заменува со износ од 9.949.272,00 денари.

**УЗ „СЛОГА„се менува и гласи**:

Вкупната вредност за „УЗ СЛОГА„ износот од 4.555.301 денари се заменува со износ од 6.055.301 денари.

**УЗ „КУЛА„ се менува и гласи:**
Во наслов 1.„Поплочување на улици и тротоари„ позиција која гласи ул„Орце Николов –тротоар под Спанџа „ се брише.

Вкупната вредност за УЗ Кула износот од 6.840.000,00 денари се заменува со износ на 6.450.000,00 денари.

**УЗ „ЉУБАШ„ се менува и гласи:**

Вкупната вредност за УЗ Љубаш - износот од 7.710.000,00 денари се заменува со износ од 7.338.898,00 денари.

РЕКАПИТУЛАЦИЈАТА се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| УЗ„Ваташа | 3.050.000,00 ден. |
| УЗ„ Глишиќ“ | 950.000,00 ден. |
| УЗ „Страшо Пинџур“ | 14.021.369,00ден. |
| УЗ„Киро Крстев – | 9.949.000,00ден. |
| УЗ„Браќа Досеви“ | 2.800.000,00ден. |
| УЗ„Браќа Џунови“ | 2.380.000,00ден. |
| УЗ„Задругар“ | 8.500.000,00 ден . |
| УЗ„Слога„ | 6.055.301,00ден. |
| УЗ „Кула“ | 6.450.000,00ден. |
| УЗ„Љубаш“ | 7.338 .898,00 ден. |
| Изработка и ревизија на проекти, надзор на комунална изградба, изградба на елаборати | 10.000.000,00 ден. |

СЕ: 71.494.840,оо денари.

**Насловот VI-2 „Изградба на системи за водоснабдување„ се менува и гласи:**

Вкупната вредност се менува од 4.300,00 денари на износ од 1.561.812,00 денари.

**Насловот VI-3 „Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води„ се менува и гласи:**

Вкупната вредност се менува од 10.200.000,00 денари на износ од 11.182.696,00 денари.

**Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А Т А**
**ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**

**VI-2 „Изградба на системи за водоснабдување„ се менува и гласи:**
**1.561.812,00денари.**

**VI-3 „Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води„ се менува и гласи:**
**11.182.696,00денари**

**Се вкупно 12.744.508,00**

**Насловот VI-5 „Изградба на јавни објекти„ се менува и гласи:**

Позиција **„Реконструкција и проширување на Западен Булевар 2 фаза„ -** се менува од износ 15.000.000,00 денари се менува во износ на 20.140.652,00 денари.

**Вкупниот Рекапитулар се менува и гласи:**

## СЕ ВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР

| | |
|---|---|
| 1. ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ | 71.494.840,00 ден. |
| 2. ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНИ И И КАНАЛИЗАЦИОНИ ЛИНИИ | 12.744.508,00 ден. |
| 3. ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ВО СЕЛСКИ МЗ | 7.000.000,00 ден. |
| 4. ИЗГРАДБА НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ | 100.651.252,00 ден. |
| **ВКУПНО: не се менува** | **191. 890.600,00 ден.** |

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Кавадарци."

**Бр.08-5914/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**31.10.2018 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата**
**за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2018/2019 (Зимска служба)**

1. Се објавува Програмата за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2018/2019 (Зимска служба), донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6209/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**02.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**

**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Р Македонија„ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за јавни патишта ("Сл.весник на РМ"бр. 84/08, 52/09, 114/09.....163/2016),член 2 од Законот за Јавна чистота („Сл.Весник на РМ„ бр.111/08, 64/09......31/2016), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 31.10.2018 година , донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2018/2019 (Зимска служба)

**1.** ВОВЕД

Со оваа Програма се уредуваат работите за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за сезоната 2018/2019 година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Кавадарци и тоа преку:

- одредување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразиците на коловозните површини;
- дефинирање на правата и обврските на сите учесниците кои се одговорни за реализација на оваа Програма;
- дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата.

**2.** ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

На подрачјето на Општина Кавадарци, зимската служба ја организира Локална самоуправа Кавадарци, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на зимската служба.

Преку својот надзорен орган Општина Кавадарци ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работата.

Согласно Законот за јавни набавки се одредува правното лице - претпријатие кое ќе ја спроведува оперативната Програма и ќе остварува соработка со сите други субјекти во Општината задолжени за спроведување на Програмата за зимска служба.

Функционирањето на Зимската служба се остварува со следната организациона поставеност:

**2.1.** Правното лице на кое ќе му бидат отстапени работите
- преку целиот зимски период организира спремност за активирање на службата, во текот на 24 часа;
- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатица од коловозните површини;
- возилата, машините и другата потребна механизација ја доведуваат во исправна состојба за дејствување во зимски услови и истата во текот на траењето на зимската сезона ја чува на плацот на претпријатието или определени пунктови, како би можела при укажана потреба навремено да биде ставена во функција;
- води целосна документација за работата на зимската служба;

- доставува до нарачателот распоред на лица за следење на зимската служба, со податоци за работната рака и механизација;
- секојдневно и редовно го информира нарачателот за работата на зимската служба, како и надзорниот орган;
- ги прима и секојдневно ги доставува до Центарот за известување и тревожење извештаите и прогнозите за временските услови, нарачателот и Министерството за внатрешни работи;
- секојдневно изготвува извештај за извршените работи од смената во зимската служба.

За сезоната 2018/2019 година се обезбедуваат следните материјали:

- набавка на песок (ризла 1мм- 2мм) 120м3;
- набавка на индустриска сол 50 тони.

Наведените материјали ги набавува и се складираат во плацот на претпријатието на кое му е отстапена работата. Нивната употреба во зимски услови при температури помали од 7 С ќе биде како мешавина 3:1 (гранулиран песок и сол), заради посипување на нагорни и критични места, со исклучок на централното градско подрачје, каде што ке се исфрла само индустриска сол, на температура под 0 степени.

**2.2.** Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

- Ја координира активноста на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- преку средствата за јавно информирање, информира за работата на Зимската служба и обврските на учесниците;

**2.3.** Надзорен орган

Носителот на работите го определува надзорниот орган со Решение со кое ги определува работните задачи при реализацијата на Програмата за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Кавадарци за 2018/2019 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи:

- Ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна техничка документација;
- координира со органите и телата на Општина Кавадарци, со Центарот за справување со кризи, Министерството за внатрешни работи и други учесници, претпријатија, заедници и граѓани;
- дава налог за работа на претпријатието на кое му се отстапени работите.

**2.4.** Општински Центар за справување со кризи

Општинскиот Центар за справување со кризи не е непосредно вклучен во работата на Зимската служба, меѓутоа Центарот посредно ќе ја следи работата на службата преку благовремено информирање.

Во случај на појава на елементарни непогоди од поголеми размери на подрачјето на Општина Кавадарци во зимскиот период, кои не ќе можат да се разрешат со организационата поставеност на Зимската служба, Општинскиот Центар прогласува вонредна состојба и непосредно раководи со акциите за отстранување на последиците.

2.5 Други учесници

**2.5.1** Министерство за внатрешни работи - сообраќајна полиција Кавадарци

Сообраќајната полиција го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и патиштата и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти, ги отстранува паркираните возила како би се овозможило чистење на сообраќајниците.

**2.5.2** ЈП „Комуналец”- ОЕ „Зеленило и хигиена”
- Покрај своите редовни активности врши расчистување од снег на пристапите до контејнерите за смет и околу нив;
- Ги расчистува пешачките зони и тротоарите, плоштадот и пешачккте пристапи до објектите кои се од витално значење, а се предвидени со оваа Програма, како и други јавни површини;
- чистење на снегот од ивиците на коловозите за нормално функционирање на сливниците;
- Врши сечење и одстранување од коловозот на паднати дрва и гранки;
- Го отстранува снегот од пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во градот и други работи сврзани со зимската служба.

**2.5.3** ЈП„Комуналец” - ОЕ Водовод и канализација:
-Ја оспособува атмосферската канализација и сливниците за прием на поголеми количини вода во зимски услови.

**2.5.4. ЕВН - КЕЦ „Електродистрибуција” - Кавадарци** ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации и објекти.

**2.5.5. Извршителите на јавниот градски и приградски превоз** - превземаат мерки на одстранување на снегот и мразот од автобуските постојки и објекти и нивно оспособување за користење;

**2.5.6.** „Македонски пошти” и „Македонски телекомуникации”- Кавадарци **- ги**
презема сите мерки за чистење на снегот од надворешните ТТ уреди, инсталации и телефонски говорници.

**2.5.7. Претпријатијата, заедниците и граѓаните** чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните (пазаришта, гробишта, бензински пумпи, паркиралишта и слични објекти) преземат брзи и ефикасни мерки за одстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.

**2.5.8 Претпријатија, заедниците и граѓаните** - сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (стоковни куќи, дуќани, продавници и слични објекти) преземаат мерки за чистење на снегот и подмрзнатицата пред своите објекти.

**2.5.9 Граѓаните** го чистат снегот и подмрзнатицата од тротоарите - патеките и приодите пред своите станбени згради.

Исто така, граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградите на начин што обезбедува непречен сообраќај.

## 3. ОБЕМ, ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

**3.1.** Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите, утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот, и тоа:
- Сообраќајници од посебно значење за функционирање на сообраќајот, кон стопанските и други објекти од интерес на општина Кавадарци;
- Пристапи (од сообраќајници до објекти) до објекти чие функционирање е од витално значење за Општината;
- Локални патишта.

Обемот на коловозните површини предвидени за оспособување даден е во прегледот за приоритетно расчистување на сообраќајниците (дел 4 од програмата).

Согласно прегледот, физичкиот обем за оспособување на коловозните површини за градски улици изнесува 70 км. а за локални патишта 30 км. или вкупно 100 км.

**3.2.** Динамика и ниво на одржување

Расчистувањето на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

- Сообраќајници од прв приоритет по кој се одвива сообраќајот со критични точки и пристап кон објекти кои се од витално значење за општината и градот и други сообраќајници означени во прегледот;
- Сообраќајници од втор приоритет.

Отстранувањето на подмразнатиците во услови кога нема врнежи (падавини) се врши по приоритетот на критичните точки и сообраќајниците по кои се одвива сообраќајот.

Сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови најдоцна до 06,30 часот поради доаѓање на работните места на луѓето и учениците или за најмногу од 6 часа по престанувањето на снежните врнежи.

Сообраќајниците од втор приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови за 12-24 часа по оспособувањето на сообраќајниците од прв приоритет.

Доколку е потребно да се вклучи и друга механизација, тоа го врши претпријатието на кое му е доверена работата, по претходна согласност на надзорниот орган, а по налог на нарачателот.

Претпријатието на кое му е доверена работата треба да располага минимум со следната механизација, опрема и работна сила:

- Камион со нож за чистење на снегот и посипувач (4х4) 2 броја;
- Грејдер 1 број;
- Утоварач со предна корпа 1 број;
- Утоварач конбиниран со нож за чистење на снег (4х4) 2 броја;
- Трактор голем со нож зачистење на снег (4х4) 1 број;
- Булдожер гасеничар со нож 1 број;
- Трактор мал со приколица 1 број;
- Теренско возило 2 броја;
- Камион кипер 2 броја;

-Камион-фрлач на снег на далечина со ширина од 2м до 3м(фреза) 1 број ;

**4.** ПРЕГЛЕД ЗА ПРИОРИТЕТНО ЧИСТЕЊЕ И ПОСИПУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ – УЛИЦИТЕ

**I.** Приоритет

- Градски сообраќајници –

1. Бул.”Македонија”, Бул.”Блажо Алексов”, Бул.”Видое Смилевскии”, ул.”Шишка” (дел), Бул.”Моша Пијаде” и Бул.”Никола Минчев”.
2. Ул.”Мито Хаџивасилев”, спој со “Пионерска” до плоштадот.
3. Ул.”7 септември” од плоштадот до спој со ул.”Дисанска”
4. Ул.”Шишка” од спој на ул. со ”7 септември” до спојот со ул.”Видео Смилевски”
5. Ул.”Цано Поп Ристов” од спојот со ул.”7 септември” до спојот со ул.’’Илинд енска”
6. Ул.”Пано Мударов” од спојот со “Илинденска” и во продолжение на ул.”8 Септември” до спојот со “Западен Булевар” пред АК “Тиквеш“.
7. Ул.”Ресавска од спојот со ул.”Пионерска” па по ул.”Тиквешко Востание” до плоштадот “Маршал Тито” и целиот плоштад ул. „Ресавска“, до ул. „Јован Планински“, ул. „Јован Планински“ до спој со ул. „Црноречка“ и ул. „Црноречка“
8. Ул.”Илинденска” со плоштадот до кружното движење
9. Ул.”Браќа Џунови” од спојот со ул.”7 септември” до детската градинка и ул.”Браќа Хаџитефови” со ул.”Миле В’чков” и спој со ул.”Тиквешко Востание”.
10. Ул.”Браќа Миладинови” од спој со ул.”Ќиро Крстев” спој со ул.”Методија Џунов Џико” и истата до спој со ул ”7 септември”.
11. Ул.”Димката Габерот” од спој со ул.”7 септември” до спој со ул.”Видое Смилевски” и ул.”Браќа Лазовски” до крај.
12. Ул.”Киро Крстев” од спој со ул.”7 септември” до спој со ул.”Димче Мирчев”.
13. Дел од ул.”Гоце Делчев” помеѓу ул.”8 Септември” и Бул.”Моша Пијаде”
14. Ул.”4 Мај”

Локални патишта

1. Локален пат бр.101
   Од регионален пат бр.1107 Кавадарци - Неготино до с.Марена и до с.Сопот
2. Локален пат бр.102
   Од регионален пат 1107 - Кавадарци - Мотел Дреново до с.Ресава и до с.Бегниште
3. Локален пат бр. 104
   Од регионален пат бр.1107 - Кавадарци - Мотел Дреново до с.Дреново
4. Локален пат бр. 110
   Од регионален пат 1107 - Кавадарци - Мотел Дреново до “Мелци”
5. Локален пат бр.105
   Од регионален пат бр.107 - Кавадарци - Мотел Дреново преку Возарци до ХЕЦ “Тиквеш“
6. Локален пат Раштани и локален пат Моклиште
7. Локален пат Ладно Долче-Страгово-Крњево-Бохула-Чемерско-Горна Бошава
8. Локален патт за с.Брушани
9. Локален пат за Михајлово
10. Локален пат извор Лукар

**II.** Приоритет

- Градски сообраќајници –

1. Ул.”Љубашка”,
2. ул.”Максим Горки”,
3. Ул.”Охридска”,

4. Бул.”Кочо Рацин”,
5. Бул.”Никола Минчев” од спој со Бул.”Македонија” до крај,
6. Ул.”Вељко Влаховиќ” пред банката,
7. Ул.”Цветан Димов” од спој со Бул.”Моша Пијаде” до крајот,
8. Ул.”Блажо Алексов” од спој со ул.”7 септември” до мостот на Бул.”Видое Смилевски”,
9. Ул.”Или Костов” од спој со ул.”Браќа Хаџитефови” до спој со ул.”Страшо Пинџур” и истата од “Тичвешко Востание“ до спој со ул.”Задругарска”,
10. Ул.”Ќиро Спанџев” од спојот со ул.”Ило Костов” до ул.”Браќа Џунови” и истата од ул.”Рајна Соколова” до спојот со ул.”Слога”,
11. ул.”Мирче Ацев” од спој со “Блажо Алексов” до ул.”Партизанска” и истата до спој со ул.”Илинденска”,
12. Ул.”Слога” од спој со ул.”Киро Крстев” до спој со ул.”Страшо Пинџур”,
13. “Брушанска”,
14. Ул.”Словенска”,
15. Ул.”Игман” до дел од ул.”Прилепска”,
16. Ул.”Дешка Тошева”,
17. Ул.”Задругарска”,
18. ул.”Пиринска”,
19. Ул.”16 Јуни”,
20. Ул.”14 мај”,
21. Ул.”Витачево”,
22. Ул.”Методија Џунов Џико” од спојот со ул.”Браќа Миладинови” до крајот,
23. ул.”Дисанска” до гаражата на “Тиквеш Транс”,
24. Ул.”Доне Попов” и ул.”Владимир Назор” со ул.”Вардарска”,
25. Ул.”Смилица”,
26. Ул.”Народна Младина”,
27. ул.“Добри Даскалов”,
28. “ул. “Ѓорѓи Сугаре”.

Локални патишта

1. Локален пат бр. 1107
   Од регионален пат 1107 - Кавадарци - Прилеп до с.Шивец
2. Локален пат бр. 1108
   Од регионален пат бр.1107 - Кавадарци - Прилеп - до с.Раец
3. Локален пат од П-1108 кон с. Рожден;
4. Локален пат за с.Бојанчиште
5. Локален пат бр.116 од регионален пат 1108 - до с.Рожден
6. Локален пат бр. 118 од регионаленпат 1108 - за с.Г.Бошава

III Приоритет

1. Ул.”Бигла”,
2. Ул.”Ѓорѓи Соколов”,
3. Ул.”Народни херои” од спој со ул.”Страшо Пинџур” преку ул.”Браќа Џунови” кај Кадрово маало до ул.”Слога”.

Локални патишта

1. Локален пат за с.Ќесендре
2. Локален пат за с.Шешково, с.Праведник, с.Добротино

3. Локален пат за с.Драдња
4. Локален пат за с.Мајдан
5. Локален пат за с.Драгожел
6. Локален пат с.Кошани
7. Локален пат с.Куманичево

Со Програмата за зимска служба во III приоритет се опфатени и локални патишта кои не се споменати во Програмата.

5. ПРЕСМЕТКА ЗА ПОТРЕБНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПРИПРЕМА НА ЗИМСКА СЛУЖБА ПРИПРАВНОСТ И ДРЖУРСТВО

**5.1.** Материјални трошоци

- **Индустриска сол**
- **Песок**
- **Механизација и работна сила со ефективни часови на работа**
- **Дежурство % работна сила**
- **Приправност % механизација**
- **Приправност – Работна сила**

ВКУПНО: 3.000.000,00 денари

Динамиката на реализацијата ќе се утврди договорно меѓу субјектите по приоритет.

Потребните финансиски средства за зимска служба ќе се обезбедат од Јавното претпријатие за државни патишта на Република Македонија и тоа за 2018/2019 година или од буџетот на Локална Самоуправа Кавадарци

6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5914/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**31.10.2018 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Заклучокот
## за усвојување на Програмата за организиран дочек на 2019 година и Програмата „Кавадарци прослава на Нова Година, 2019 година од „Inovativa GROUP„ДОО Скопје„ со арх.бр.13-6136/1 од 30.10.2018 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за организиран дочек на 2019 година и Програмата „Кавадарци прослава на Нова Година, 2019 година од „Inovativa GROUP,,ДОО Скопје„ со арх.бр.13-6136/1 од 30.10.2018 година, донесен на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6209/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за организиран дочек на 2019 година и Програмата „Кавадарци прослава на Нова Година, 2019 година од „Inovativa GROUP,,ДОО Скопје„ со арх.бр.13-6136/1 од 30.10.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со 8 (осум) дена од денот на објавуавњето во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-5914/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа. "Сл.весник на РМ" бр5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Квадарци" бр. 8/2005, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, донесе

## ПРОГРАМА
За организиран дочек на Новата 2019 година

**ВОВЕД**

По пауза од една година, оваа година повторно предлагаме организиран дочек на Новата Година за сите граѓани на Општина Кавадарци на Градскиот Плоштад. Активностите за

организирање на Новогодишните и Божиќните празници се на Локалната самоуправа и Домот на културата "Иван Мазов Климе".

Во периодот пред Нова Година, со координација со основните училишта градоначалникот заедно со Дедо Мраз ќе дели Новогодишни пакетчиња за децата од прво до петто одделение. Пакетчињата ќе се делат за време на Новогодишните приредби во основните училишта.

Новогодишни пакетчиња се предвидени за децата од социјално загрозените семејства кои не посетуваат настава, за децата од специјалната паралелка, децата кои се на болничко лекување, Здружението на слепи лица од Кавадарци и други загрозени семејства.

На 28.12.2018 година Градоначалникот на Општината ќе го организира Свечениот Новогодишен прием за претставници од јавниот, приватниот и невладиниот сектор од градот како и вработените во Локалната самоуправа.

За дочек на Новата 2019 година на Градскиот плоштад ќе биде организирана културно - забавна програма со настап на локални бендови од забавен карактер, истиот ќе биде организиран од ИНОВАТИВА ГРУП .

Почетокот на Новата Година точно на полноќ ќе биде означен со спектакуларен Новогодишен огномет.

Содржина

Во врска со содржините во програмата ќе бидат застапени следните настани:

24 - 27.12.2018 година
Делење на пакетнињa заедно со Градоначалникот и Дедо Мраз во основните училишта, ма Новогодишните претстави во самите училишта.

**28.12.2018 година**
Новогодишен прием кај Градоначалникот.

**31.12.2018 година**
Прославата започнува со поздравен говор од водителот на прославата
**Во 00:00спектакуларен огномет**

**00:15 часот поздравен Новогодишен говор на Градоначалникот до сите граѓани на Општина Кавадарци.**
**Забавата продолжува до 2 часот по полноќ со локалните бендови**

ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со оваа програма , ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година.

Кои се предвидени за културни манифестации.
Средствата од буџетот на Општина Кавадарци предвидени за оваа намена се распоредуваат:

РАСХОДЕН ДЕЛ

Новогодишни пакетчиња ..................................... 419.108денари.
Надомест на Дедо Мраз за делење на Новогодишни пакетчиња на децата ........................................................ ……….6000 денари.
Покани, флаери и плакати ......................... ………30.000денари.
Новогодишна расвета………………………… 1.500.000 денари.

ВКУПНО: 1.955.108 ДЕНАРИ

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-5914/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
31.10.2018 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Кавадарци 01 | Нова Година 2019

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Примено: 30.10.
13 6136/1

**Презентација создадена од :** Inovativa group и Општина Кавадарци

**Работен наслов:** "Кавадарци, прослава на Нова година, 2019"

**Година на изработка:** октомври, 2018

**Период на реализација:** 31 декември, 2018

Кавадарци
02
Нова
Година
2019

## Кавадарци, Нова година

**Предлог план:** Предлогот за оваа година и дочекот на новата 2019та е да се направи прослава со локални, Кавадаречки учесници.

**Реализатори:**

- Дизајн и подготвки: Иновaтива Груп,
- Организација и реализација: Општина Кавадарци,
- Печатење на промотивни материјали: Принт Плус Кавадарци,
- Видео и аудио реализација: Иновaтива груп со надворешни соработници.

Кавадарци, Нова година

Кавадарци
03
Нова
Година
2019

## Учесници

**Забавна програма:** Со времетраење додека трае прославата, од 21:00 часот до 02:00 часот по полноќ.

- 21:00ч. - 23:15ч. Бенд 1
- 23:30ч. - 00:00ч. Бенд 2 и Дочек на Новата година
- 00:00ч. - 02:00ч. Бенд 2
- Огномет

**Угостител:** Со времетраење додека трае прославата од 5 часа понуда на пијалак и храна. Поставување на штанд за пијалак и храна.

Кавадарци, Нова година

Кавадарци
**04**
Нова
Година
2019

## Промотивна кампања

**Изглед:** Соодветен, новогодишен изглед со претставување на изведувачите, како и на слоганот: "Убаво Кавадарци, во уште поубава,нова година".

**Промотивни материјали:**

- Б2 формат на Постер- Поставување на угостителските објекти-учесници вечерта, на определни градски подрачја за поставувње на плакати, на зградата на Општина Кавадарци, Училишта и др. Предлог тираж: 200 парчиња
- А5 формат на Флаер- Разделување низ угостителските објекти-учесници вечерта, ва зградата на Општина Кавадарци, Училишта и др. Предлог тираж: 1.000 парчиња
- Радио и Видео реклама- 2Д Видео Анимација од дизајнот на постер/флаер со Voice Over(глас) кој ќе се искористи и како Радио реклама. Предлог емитување: На Општински поддржаните локални радио и ТВ станици.
- Промовирање на настанот и на Социјалните медиуми (ФБ и Инстаграм).

НАПОМЕНА: Рекламирање и поставување промо материјали- Од 11ти декември.

Кавадарци, Нова година

Кавадарци
**05**
Нова
Година
2019

## Предлог Видео и Аудио рекламна порака

**Видео реклама:** Следејќи го Voice Over-от во изглед 2Д анимација. Времетраење: 20 сек.

**Предлог текст, Аудио реклама и воедно Voice Over за ТВ реклама:**

"Убаво Кавадарци, во уште поубава, нова година! За дочек на 2019та за вас ќе настапат: ...Ваша, Општина Кавадарци"

НАПОМЕНА: Да бидат изготвени до 11ти декември. Со емитување од 3 до 5 пати на ден, се' до 31 декември.

Кавадарци, Нова година

Кавадарци
**06**
Нова
Година
2019

## Дополнително

- **Соодветна бина со озвучување и осветлување** и брендинг на истата.
*Претходно да се побара Rider листа за опрема од изведувачите, за навремено дејствување.

- **Штанд за Угостителски објект** поставен од страните пред бината, со соодветно поставување на високи маси. Брендинг на долниот дел.
*Самите си ги опремуваат, Општината им обезбедува/спроведува само струен приклучок.



Кавадарци
**07**
Нова
Година
2019

## За време прославата

**За време прославата, од Општина Кавадарци е потребно:**

- Полиција и Амбулантно возило- Со претходна најава,
- Координатор на Програмата- Stage manager,
- Координатор/Продуцент- Одговорен за угостителите,
- Технички Координатор- За поставената опрема, техника, огномет.

**За време прославата, одбележување со:**

- Снимање на Видео материјал за Пост Промотивно Видео од вечерта кое ќе биде со времетраење од 1 минута и ќе се емитува како реклама натаму.
- Кадри од поставување на Градскиот плоштад, доаѓање на луѓето, забавата со блиски кадри на луѓе и сценски учесници и завршеток со огномет и воведна и крајна анимирана шпица.

НАПОМЕНА: Се снима во текот на целиот ден и прослава. Време за монтажа, пост продукција до реализација на краен видео материјал- 5 дена.

**INOVATIVA**
advertising & entertainment

**Пресметка**

**Клиент:** Општина Кавадарци-Дочек на Нова година 2019
**Датум:** октомври 2018
**Валута:** DEN/EUR

| Бр. | Опис | Количина | Единечна цена | ДДВ/Пер.дан. | Вкупно | | Изработува |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Музика(2 бендови) | 2 | 60000 | 13332 | **133,332 ден.** | [illegible] | Иновативa |
| 2 | Бина поставување (општинска бина) | 1 | 15000 | 1666.5 | **16,667 ден.** | [illegible] | Иновативa |
| 3 | Озвучување и осветлување + техн.лице | 1 | 40000 | 7200 | **47,200 ден.** | [illegible] | Иновативa |
| 4 | Принт Постери и Флаери | 1 | 5000 | 900 | **5,900 ден.** | [illegible] | Иновативa |
| 5 | Радио и Видео реклама | 1 | 20000 | 3600 | **23,600 ден.** | [illegible] | Иновативa |
| 6 | Брендирање на куќарки и бина | 1 | 42000 | 7560 | **49,560 ден.** | [illegible] | Иновативa |
| 7 | ФБ дизајни, спонзорирање и водење 2 недели | 1 | 12000 | 2160 | **14,160 ден.** | [illegible] | Иновативa |
| 8 | Останати трошоци | 1 | 8120 | 1461.6 | **9,582 ден.** | [illegible] | Иновативa |
| | TOTAL: | | | | **300,000.10 ден.** | [illegible] | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата**
**за изменување и дополнување на Програмата за заштита и благосостојба на животните –третман на бездомни кучиња , односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2018 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за заштита и благосостојба на животните –третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2018 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-6209/7 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
02.11.2018 година ГРАДОНАЧАЛНИК
К А В А Д А Р Ц И м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), а во врска со член 28 став 1, 2 ,3 и 4 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ„ бр.149/14,149/14 и 53/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 31.10. 2018година , донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за заштита и благосостојба на животните –третман на бездомни кучиња , односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2018 година**

**Член 1**

Во Програмата за заштита и благосостојба на животните –третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2018год. бр. 08-272/1 од 30.01.2018(„Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.6/2018) се врши следното изменување и дополнување :

Во поз.III ФИНАНСИРАЊЕ,
„Износот од 300.000,00 ден. се заменува со износ од 600.000,00денари„.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

Бр.08-5914/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
31.10.2018 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6209/8**
**02.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15 и бр.31/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.весник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, со што ке се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. **Барање арх.бр. 14-6502** на барателот **Водостопанство Тиквеш** од **Кавадарци**,

за утврдување на правен статус на бесправен објект.

– **Индустриски објект - зграда бр.1 изградена на КП бр.898/3 КО Ресава.**

2. **Барање арх.бр. 14-6496** на барателот **Водостопанство Тиквеш** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   – **Индустриски објект - зграда бр.1 изградена на КП бр.1149 КО Шивец.**

3. **Барање бр. 14-6504** на барателот **Водостопанство Тиквеш** од **Кавадарци** , за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **Викенд куќа – зграда 1 изграден на КП бр.196 КО Куманичево.**

4. **Барање бр 15-1255** на барателот **АД Македонска пошта** од **Скопје** за утврдување на правен статус на бесправен објект

   **-Деловен простор - зграда 1 изградена на КП бр. 587 КО Конопиште.**

5. **Барање бр 15-954** на барателот **Урбан Инвест д.о.о** од **с.Возарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект

   **-Индустриски објект – изграден на КП бр. 164/4 КО Возарци**

6. **Барање бр 14-4064** на барателот **Блажо Јованов** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект

   **-Станбен објект изграден на КП бр. 572 КО Брушани**

7. **Барање бр 15-1168** на барателот **Емили - Солушн** од **с.Дреново** за утврдување на правен статус на бесправен објект

   **-Индустриски објект на КП бр. 65/6 КО Дреново.**

8. **Барање бр 15-1029** на барателот **Митре Каролоски** од **с.Глишиќ** за утврдување на правен статус на бесправен објект

   **-Станбен простор изграден на КП бр. 548 и КП 230 КО Брушани**

9. **Барање бр 15-294** на барателот **Камчев Гоце** од **с.Марена** за утврдување на правен статус на бесправен објект

   **-Станбен објект- изградена на КП бр. 2400 КО Марена**

10. **Барање бр 15-1474** на барателот **Машинокоп ДООЕЛ** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект

    **-Индустрсики објект- изградена на КП бр. 7916/1 и 7916/2 КО Кавадарци вон град.**

11. **Барање бр 15-279** на барателот **Ангел Леов** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект

**-Станбен објект- изградена на КП бр. 61/1 КО Драдња.**

12. **Барање бр 15-254** на барателот **Трајче Ангелов** од **Долна Бошава** за утврдување на правен статус на бесправен објект

**- Викенд куќа - зграда 1- изградена на КП бр. 313 м.в.Село во КО Бошава.**

13.**Барање бр.15-654** на барателот **Игор Николов** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект

**-Станбен и помошен простор –изграден на КП бр.38 КО Горниково**.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5914/8**
**31.10.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата**
**за изменување и дополнување на**
**Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2018 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2018 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6209/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за изменување и дополнување на
## Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2018 година

### Член 1

Во Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2018 година бр.08-272/22 (Службен гласник на "Општина Кавадарци” бр. 6/18, 14/18) се врши следното изменување и дополнување:

После точка 2 се додава нова точка 3 која гласи:

„Развој на фудбалот во Општина Кавадарци (младински категории) на Градски Фудбалски клуб Тиквеш 1930 – Кавадарци за развивање на масовниот спорт во градот во висина од 1 700 000 денари.

Средствата во висина од 1 700 000 денари да се исплатат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година на Градски Фудбалски клуб Тиквеш 1930 – Кавадарци„.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

### Член 2

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5914/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**31.10.2018 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата**
**за изменување и дополнување на**
**Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци**
**за 2018 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2018 година , донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6209/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ”бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 64/18 и 168/18), член 132 став 1 Статутот на општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на**
**Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци**
**за 2018 година**

**Член 1**

Во Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2018 година („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр. 4/2017, 8/2018, 11/2018 и 16/2018) се врши следното изменување и дополнување:

Во Глава: IV. **<u>Урбанистички планови финансирани од Правни и физички лица, Општина Кавадарци, после точка 30 се додаваат шест нови точки кои гласат</u>**:

**31.** „ Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УБ 5К "Дисанска", Општина Кавадарци„

Површина на опфат - 1,9761ха

Граница на опфат– на север - осовина на улица ”Дисанска“
- на исток – пешачка улица (влез во градски парк)
- на југ -осовина на улица новопредвидена Сервисна улица
- на запад – осовина на улица "Методија Џунов Џико"

Намена на површини – **А-домување**
А2–Домување во станбени згради
**Б-комерцијални и деловни намени**
Б1–Мали комерцијални и деловни дејности
Б2–Големини трговски единици
**Д-Зеленило и рекреација**
Д1-Парковско зеленило

**32.** „Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за дел од УБ 15К "41-ва Девизија", Општина Кавадарци

Површина на опфат -~0,9761ha

Граница на опфат– на север - осовина на улица "Иван Мазев"
- на исток - Осовина на улица "41-ва Дивизија"
-на југ - Осовина на улица "Црноречка" и улица "Ѓорче Петров"
- на запад – Осовина на улица "Ѓорче Петров" и улица "Јован Планински"

Намена на површини – **А-домување**
А1–Домување во станбени куќи
**Д- Зеленило и рекреација**
Д1- парковско зеленило
Е-Инфраструктура

**33.** „Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УБ 15К "Народен Фронт", Општина Кавадарци

Површина на опфат -~0,6ha

Граница на опфат– на северо-исток - осовина на улица "Народен фронт"
- на југо-исток - Осовина на улица "Задругарска"
- на запад - Осовина на улица "Коле Подлешки"

Намена на површини – **А-домување**
А1–Домување во станбени куќи
**Д- Зеленило и рекреација**
Д1- парковско зеленило
Е-Инфраструктура

**34.** „Детален урбанистички план за дел од УБ 5К "Бриони", Општина Кавадарци

Површина на опфат - ~1,6ha

Граница на опфат– на север - осовина на улица ”Дисанска“
- на исток - пешачка улица (во градски парк)
- на југ - Граница на контактна зона
- на запад - пешачка улица (влез во градски парк)

Намена на површини – **Б-комерцијални и деловни намени**
Б1–Мали комерцијални и деловни дејности
**Д- Зеленило и рекреација**
Д1- парковско зеленило
Е-Инфраструктура

35. ,, Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УЕ "Рајко Жинзифов", Општина Кавадарци

Површина на опфат - ~3,6ha

Граница на опфат– на север - осовина на улица ”Рајко Жинзифов“
- на исток – крак од улица ”Рајко Жинзифов“-крак 1
- на југ - осовина на улица ”Домовица“
- на запад - осовина на улица ”Шишка“

Намена на површини – **А-домување**
А1–Домување во станбени куќи
А2–Домување во станбени згради
**Б-комерцијални и деловни намени**
Б1–Мали комерцијални и деловни дејности
Б2–Големини трговски единици
Б3-Големи угостителски единици
Б4-Деловни простори
Г-Производсво, дистрибуција сервиси
Г3-Сервиси
**Д- Зеленило и рекреација**
Д1- парковско зеленило
Д2-Заштитно зеленило
Е-Инфраструктура

36. ,, Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УЕ "Опитно поле"-Ѓорѓи Соколов, Општина Кавадарци

Површина на опфат - ~1,1ha

Граница на опфат– на север - осовина на улица ”Северен булевар“
- на исток –улица ”Ѓорѓи Соколов“
- на југ-запад - осовина на улица ”6“
- на запад - осовина на улица ”Орце Николов“

Намена на површини – **А-домување**
А1–Домување во станбени куќи
**Д- Зеленило и рекреација**
Е-Инфраструктура

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 3**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5914/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата**
**за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци**

1. Се објавува Програмата за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6209/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**За обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци**

**Вовед**

Општина Кавадарци покрај постојаната поддршка на програми проекти за спортска и рекреативна активност на младите од градот кои се предуслов за правилен раст и развој на младите, континуирано инвестира во инфраструктурни објекти кои се во насока на оставрување на овие цели.

Правниот субјект кој стопанисува со лизгалиштето на мраз има обврска да овозможи бесплатно користење на лизгалиштето на учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци заради одржување на часови по физичко образование и тоа : три часа - 09:00-12:00 часот претпладне и од 15:00-18:00 часот попладне секој работен ден во периодот од 1 декември 2018 година до 15 март 2019 година, освен за време на зимскиот распуст .

**Цели на Програмата**

Со бесплатното користење на лизгалиштето на мраз ке се создадат услови за поголема спортска, едукативна и забавна активност на учениците од основните и средните училишта во градот, по однапред утврден распоред од училиштата предмет на оваа Програма и тоа:

| **ден** | **училиште** | **ТЕРМИН** | | | | | | **вкупно ученици** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **9-10 часот** | **10-11 часот** | **11-12 часот** | **15-16 часот** | **16-17 часот** | **17-18 часот** | |
| **Понеделник** | **ОУ Страшо Пинџур ОУ Димката Ангелов Габерот Ваташа** | 40 ученици V одд | 40 ученици IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | **СОУ Гимназија Добри Даскалов** | | | | | | I-II година | |
| **Вторник** | **ОУ Димката Ангелов Габерот Кавадарци** | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | **СОУ Гимназија Добри Даскалов** | | | | | | III-IV година | |
| **Среда** | **ОУ Гоце Делчев** | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | **СОУ Киро Спанџов Брко** | | | | | | I-II година | |
| | **СОУ Ѓорче Петров** | | | | | | I-II година | |
| **Четврток** | **ОУ Тошо Велков Пепето** | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | **СОУ Киро Спанџов Брко** | | | | | | III-IV година | |
| | **СОУ Ѓорче Петров** | | | | | | III-IV година | |
| **Петок** | **ОУ Тоде Хаџи Тефов** | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | **НЕОПФАТЕНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА** | | | | | | VIII-IX одд | |

**1200**

Во текот на 1 недела **1200** ученици

За спроведување на оваа Програма од Буџетот на општина Квадарци ке се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 500.000 денари –кои ке се трансфераат до ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадрци со намена за покривање на трошоци за електрична енергија за лизгалиште на мраз, заради остварување на јавен интерес- бесплатно спортско

рекреативни активности на учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци.

Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.08-5914/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
31.10.2018 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци**

1. Се објавува Одлуката за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-6209/12 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
02.11.2018 година ГРАДОНАЧАЛНИК
К А В А Д А Р Ц И м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), Записник од комисијата за финансии и буџет бр.08-5949/2 од 30.10.2018 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А
**за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти**

**„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се трасферираат финансиски средства во износ од 500.000 денари од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година, на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци со намена за покривање на трошоци за електрична енергија за лизгалиште на мраз во склоп на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци заради остварување на јавен интерес бесплатно користење на лизгалиште за спортско рекреативни активности на учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ке се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година Програма- G1 –подршка на локален економски развој конто 464990 –други трансфери, и истите ке бидат трасферирани на сметка на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-5914/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за утврдување на изгледот на фасадите на објекти во централно градско подрачје**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на изгледот на фасадите на објекти во централно градско подрачје, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6209/13**
**02.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002),а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл.Весник на РМ бр.130/09....35/2018), член 30 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.Гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Скици за утврдување на изглед на фасади на згради бр.15-5852/1, 15-5853/1,15-5854/1, 15-5855/1, 15-5856/1, 15-5857/1, 15-5858/1, 15-5862/1, 15-5859/1, 15-5860/1, 15-5861-1 , бр.15-5891/1, 15-5892/1 и Програмата за развој на Општина Кавадарци за 2018 година (бр.09-5167/8 од 22.12.2017 година,бр.08-2175/47 од 24.04.2018 година,бр.08-3027/48 од 30.05.2018 година и бр. 08-3900/5 од 18.07.2018 година), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за утврдување на изгледот на фасадите на објекти во централно градско подрачје**

**Член 1**

Се утврдува изгледот на фасадите на објектите/зградите на ул. Благој Крстиќ(бр.1), ул.Браќа Хаџи Тефови (бр.2), ул.Фердо Росомански(бр.2), ул. Тиквешко Востание (бр.2), ул. 7 Септември (Дом на култура и згради бр.13, бр.51 и бр.53), ул.Илинденска(бр.81, бр.32 , бр.26), ул.Мито Хаџи Василев Јасмин(бр.17), и Општинска зграда- Кавадарци(заден дел), како што е предвидено во Скиците бр.15-5852/1, 15-5853/1,15-5854/1, 15-5855/1, 15-5856/1, 15-5857/1, 15-5858/1, 15-5862/1, 15-5859/1, 15-5860/1 и 15-5861-1 од 19.10.2018год. и 15-5891/1 и 15-5892/1 од 22.10.2018 од општина Кавадарци. .

**Член 2**

Со утврдување на изгледот на фасадата се обезбедува изведување на градежни работи на објекти кои се утврдени како објекти од значење за Општина Кавадарци.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука се проект-скиците наведен во Член 1 од оваа Одлука.

**Член 4**

Општина Кавадарци ќе обезбеди финансиски средства од сопствен Буџет за изведување на градежните работи за реализација на одлуката, врз основа на проект-скиците.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-5914/13**
**31.10.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Кавадарци**

1. Се објавува Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6209/14**
**02.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 7 став 2 алинеа 8 и став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („ Сл.Весник на РМ„ бр.169/15, 226/15 и 55/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник

на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Кавадарци**

**I. Општи одредби**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дефинираат условите за доставување (истоварање/товарање) на стока од моторните возила на јавните површини, начинот и времето на вршење на истоварање и товарање на стоката, како и органите кои го одобруваат времето на движење, запирање и паркирање на возилата за истоварање и товарање на стока и надзор над спроведувањето на одредбите на оваа одлука.

**Член 2**

Под јавни површини утврдени во член 1 на оваа Одлука се подразбираат: улици, тротоари, пешачки зони, пешачки и велосипедски патеки, плоштади и останати сообраќајни површини.

Јавните површини површини од став 1 на овој член се поделени во зони и тоа:

-централно градско подрачје,

-до и од градски пазар и

-сите преостанати улици во градот.

Член 3

Одредбите од оваа Одлука не се применуваат за правните и физичките лица:

- Кои имаат обезбеден пристап до објектите каде што вршат дејност или други објекти, а кои не го попречуваат сообраќајот на пешаците и возилата;
- За возилата кои вршат истоварање и товарање на стока и кои можат да користат паркинг место, доколку габаритот на возилото одговара на површината на обезбеденото паркинг место од страна на субјектот каде се врши дотур на стока.

**II. Утврдување на зони и временска рамка**

Член 4

1) Зоната во централно градско подрачје е дефинирана со следните улици:

   -ул„Мито Хаџи Василев Јасмин„;

-ул„Пано Мударов„;
-ул„Тиквешко Востание„;
-ул„Илинденска„;

2) Зоната до и од Градски Зелен Пазар е дефинирана со следните улици:
-ул„7-ми Септември до ДТВ„Партизан„ (зона на градски зелен пазар);
-ул„Цано Поп Ристов (зона на градски зелен пазар);
-ул. Зелен Пазар(зона на градски зелен пазар);

3) Сите останати ненаведени улици во став 1 и став 2 на овој член.

Член 5

Возилата кои доставуваат стока на подрачјето на Општина Кавадарци може да запираат и паркираат додека трае текот на истоварање и товарање, но не подолго од 15 минути.

Во зоната во централно градско подрачје утврдена во член 4 став 1 од оваа Одлука, возилата можат да вршат запирање и паркирање заради доставување на стока секој ден, во временскиот период од 06:00-09:00 часот и од 15:00-18:00 часот.

Во зоната до и од Градскиот Зелен пазар утврдена со член 4, возилата за доставување на стока можност да вршат запирање и паркирање заради доставување на стока секој ден, во временскиот период од 04:00-07:00 часот, од 12:00-14:00 часот и од 18:00-20:00 часот.

Член 6

Максималната дозволена вкупна маса на возилата кои вршат доставување на стока на подрачјето на Општина Кавадарци во сите зони изнесува до 7 тони.

Член 7

Доставувањето на стока може да се реализира доколку со тоа не се загрозува безбедноста на сообраќајот на пешаците и возилата, за што одговорноста е на носителот на одобрението за доставување на стока.

Стоката не смее да биде оставена на тротоар или на друга сообраќајна површина додека трае доставувањето на истата.По завршувањето на истоварање и товарање возилото треба веднаш да се отстрани од јавната сообраќајна површина.

Истоварање и товарање на стока од возилата по правило се врши на коловоз со вклучување на сите покажувачи на правец за движење.

Забрането е запирање или паркирање на возилата за достава на стока во крстосници и на пешачки премини.

**III.Одобрение за доставување на стока**

Член 8

Општина Кавадарци издава одобрение за доставување на стока со возила на подрачјето на градот, на барање правни, односно физички лица.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава со рок на важење, најмногу до 1 (една) година.

Одобрението од ставот 1 на овој член содржи: назив на правното односно физичко лице, релацијата на движење, рок на важност, регистарски броеви на возилата за доставување на стока.

Член 9

